Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за економија-Ministria e Ekonomisë
Биро за метрологија-Byroja për metrologji
Бр.-Nr. 0302 - 1084/1
12. 03. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА- БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА ЗА 2024 ГОДИНА


Министерство за економија – Биро за метрологија
Ministria e Ekonomisë – Byroja për metrologji

Бул. „Јане Сандански " бр. 109а, Скопје
Република Северна Македонија
Bul."Jane Sandanski" nr. 109a, Shkup

Спречување на корупција, на сите нивоа е антикорупциска политика, но и обврска на државите кои произлегуваат од Конвенцијата на Обединети нации против корупцијата и соодветните документи.

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави. Корупцијата во смисла на Законот за спречување на корупција, се подразбира "искористување на функцијата, јавно овластување, службената должност или положба за остварување на каква и да било корист за себе или друг" односно секое коруптивно дејство претставува кршење на интегритетот. Интегритетот пак, од друга страна претставува квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Бирото за метрологија (во понатамошниот текст: Бирото), почитувајќи ги начелата за законитост, ефикасност, ефективност, а ставајќи акцент на јакнење на интегритетот на вработените, нивната стручност и компетентност, важи за институција кај кој приоритет е јавниот интерес.

Годишниот план за спречување на корупција во Бирото е дизајниран да се дејствува превентивно што подразбира намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста на институциите на системот и враќање на довербата во него, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциски напори.

Годишниот план е заснован на реални процеси и цели кои резултираат со континуирано намалување на корупција, а нејзината имплементација ќе испрати силна порака до македонското општество дека борбата против корупција конечно се остварува.

Со оглед на ризиците кои се наметнуваат од областа на корупцијата, Бирото има потреба од дефинирани алатки и механизми со кои ќе ги заштити внатрешните процеси и постапки. Во рамки на надлежноста и делокругот на работење засега не се идентификувани фактори кои го отежнуваат функционирањето на Бирото.

**Проценка кон ризиците од корупција**

Корупцијата се манифестира низ разни форми и на толку софистициран начин, што само професионалци можат да ја препознаат. Од овие причини, корупцијата претставува многу комплициран проблем што бара од земјите и од меѓународната заедница во целина да изградат подобри и поефикасни методи и инструменти за нејзино сузбивање.

Проценката кон ризиците од корупција е првиот и клучниот чекор од процесот на подготовка на Годишниот план за спречување на корупцијата во Бирото. При проценката е користено макро гледиште, односно направена е анализа на факторите на ризици на системот како целина. Врз основа на направена анализа во рамки на организациските единици во Бирото, постојат повеќе области каде што е можна појава на корупција. Главен акцент во антикорупцискиот план е ставен на вработените и раководството. Преку јакнење на нивниот професионален и личен интегритет од нив се очекува да ги извршуваат професионално задачите, согласно законите, прописите и интерните процеси и со тоа смело да се спротивстават на корупцијата.Истовремено, управувањето со ризиците треба да стане дел од секојдневната култура на однесување на менаџментот и на сите вработени во Бирото за метрологија.

Законот за спречување корупција и судир на интереси го дефинира поимот ризик од корупција (член 8,став 5) како било кој вид на внатрешна или надворешна слабост или процес што може да претставува можност за појава на корупција во јавниот сектор,што вклучува и прашања како што се судир на интереси, некомпатибилност на функциите,примање подароци и други недозволени плаќања,лобирање,немање систем за заштита на укажувачите,измама,несоодветно користење на овластувања,дискрециони овластувања,финансирање на политички партии и кампањи спротивно на законот,трговија со информации и нивно неовластено користење,транспаретност на процедурите и документите и други прашања кои се релевантни за интегритетот.

**Причини, услови и фактори за овозможување корупција**

Теоретски, доколку некој од вработените или раководството свесно ги злоупотребува својата службена положба и овластувања за директно или индиректно понудена, дадена, ветена, побарана, прифатена или очекувана корист материјална или нематеријална или друга придобивка за себе или некој друг, станува збор за корупција.

Праксата досега покажува дека вработените во Бирото ги почитуваат начелата на законитост, интегритет, јавност, заштита и одговорност, што е индикатор дека службениците може да препознаат и да се справат со можноста за пробивање на корупцијата во делокругот на работењето.

**Јакнење на капацитетите на институциите со особен акцент на јакнење на интегритетот на вработените**

Степенот на одговорност за брз одзив и максимизирање на ефикасноста за давање на услугите во голема мера влијае на јакнење на капацитетите на институциите. Акцент во спротивставувањето со корупцијата во голема мера има и интегритетот на вработените. Под интегритет се подразбира подготвеноста на поединецот да препознае и одлучно да се спротивстави во некоја незаконска, неморална или нечесна ситуација. Под поимот „интегритет" се подразбира и законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата.

Со обезбедување на повеќе едукации, обуки и со почитување на законските норми, службениците ќе можат соодветно да одговорат на сите предизвици кои може да произлезат од корупцијата.

Справување на институцијата со корупцијата ќе започне со испраќање на јасна порака до сите дека корупцијата нема да остане несанкционирана и ќе се води според следните 5 законски принципи: принцип на законитост, принцип на интегритет, принцип на еднаквост, принцип на јавност и принцип на заштита и одговорност.

Согласно Законот за спречување корупција и судир на интереси (член 4) службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувања на јавните овластувања и должности не смее да раководи од лични,семејни,верски,партиски и етички интереси,ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или друго лице.

Генерално,корупцијата може да се подели на пасивна и активна корупција.Доколку некое службено лице бара,прима или прифаќа некаква корист,услуга или средства тогаш станува збор за пасивна,а доколку се ветува или се дава нешто такво,тогаш станува збор за активна корупција.

**Почитување на законските прописи, Кодексот за етичко однесување и Кодексот за административни службеници**

Правната рамка е основа за пренесување на минималните задолжителни стандарди и принципи на однесување на секој административен службеник. Законите и прописите би можеле да ги утврдат фундаменталните вредности на административната служба и треба да ја обезбедат рамката за упатување, истражување, дисциплинска постапка и за гонење. Треба да постојат јасни правила со кои ќе се дефинираат етичките стандарди што ќе го раководат однесувањето на административните службеници во контактите со јавниот сектор, на пример во врска со условите за јавните набавки, обезбедувањето услуги однадвор или за вработувањето во јавниот сектор. Зголемувањето на интеракцијата меѓу јавниот и приватниот сектор налага поголемо внимание да им се посвети на вредностите на јавната служба, а од надворешните партнери да се бара да ги почитуваат тие вредности. Вработените се раководат според однесувањето на своите претпоставени. Оттука, од суштествено значење е секој обид за намалување на корупцијата да биде предводен од највисоките функционери, кои отворено ќе ја искажат својата поддршка на кампањата.

Индивидуалниот интегритет на административниот службеник го одразува интегритетот на институцијата,затоа административните службеници при вршење на своите приватни работи не треба да го користат статусот на службеник заради остварување на лична корист и злоупотреба на службена должност.Оттука од голема важност е интегритетот на раководниот кадар,кој преку воспоставување на високи професионални вредности ќе овозможи доследно почитување на правилата и прописите при постапување на вработените лица во институцијата.За таа цел потребен е системски пристап,кој ќе овозможи кодексот за административните службеници да биде разбран,прифатен и имплементиран од сите вработени во рамките на институцијата. Со кодексот за административните службеници се пропишуваат етичките стандарди и правилата на однесување на администартивните службеници и правила кои се однесуваат на корупција,непотизам кронизам и клиентелизам.


Министерство за економија – Биро за метрологија
Ministria e Ekonomisë – Byroja për metrologji
Бул. „Јане Сандански " бр. 109а, Скопје
Република Северна Македонија
Bul."Jane Sandanski" nr. 109a, Shkup

**Зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција**

Круцијална алатка во намалувањето на борбата против корупцијата е мотивацијата на граѓаните да пријават корупција. Одлуката на граѓаните да се спротивстават на ситуација во која за да ги остварат нивните права се „принудени" да ги „наградуваат" службениците надвор од нивната службена должност е првиот чекор во овој процес.

Во таа смисла, граѓаните се охрабруваат да ги пријавуваат сите такви незаконски постапувања доколку постојат. Неопходно е да постои доверба во институциите со оглед дека законите ги регулираат сите постапки, активности и дејствија. Секое прекршување на Законот треба да има соодветна санкција како последица, без разлика дали станува збор за Функционер, Раководител или административен службеник со пониско звање.

**Зајакната контрола и надзор на Јавните набавки**

Постапките за јавни набавки во целост се спроведуваат преку електронскиот систем за јавни набавки и истите се транспарентни, како и јавно достапни за јавноста. Договорите се објавуваат на веб страната на Бирото за метрологија.

Точно и прецизно да се врши планирање на постапките за јавни набавки и навремено во законскиот утврден рок.

Службеното лице не смее да врши незаконско влијание во постапката за јавна набавка. Системот за јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода на основање, слобода за обезбедување на услуги, како И начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.Професионална едукација на вработените преку одржување на обуки за надградба на знаењето, обуки за практична примена на законот за јавни набавки и обуки за антикорупција.

**Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето на Бирото**

Бирото за метрологија согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во целост ги спроведува и применува сите алатки кои се предвидени со цел отчетност и транспарентност во работењето. Еден од клучните аспекти во превенцијата и борбата против корупција е транспарентното и ефективното работење на институциите, особено од аспект на давањето услуги кон граѓаните, што треба да вклучува систем на општествена отчетност.Овој систем овозможува ефективно ангажирање на граѓанското општество, приватниот сектор и на медиумите во дијалог и вршење надзор на фискалното и административното работење на институциите и испорака на услугите од страна на централните институции и единиците на локална самоуправа.

**Мисија и Визија на Бирото за метрологија**

Бирото за метрологија е наследник на поранешната Служба за стандардизација и метрологија, со својство на правно лице. Со Законот за метрологија, што е хармонизиран со европската пракса, дефинирани се повеќе правилници – технички регулативи, со што се операционализира и уредува метролошката инфраструктура. Министерот за економија, на предлог на Бирото за метрологија, во април 2004 год. формира Метролошки совет, составен од научни и стручни членови од областа на метрологијата, кој работи како стручно и советодавно тело на Бирото за метрологија и работи како технички комитет за изготвување на техничката регулатива.

Мисијата на Бирото за метрологија е да обезбеди одржување и развој на метролошкиот систем на Република Северна Македонија. Под одржување на метролошкиот систем се подразбира остварување и обезбедување на следливоста на мерните единици од SI системот и нивна десеминација до сите корисници во нашата земја, а пред се во областите дефинирани со Законот и тоа за:

• заштита на животната средина и природата

• општа техничка безбедност

• непречена размена на стоки и услуги

• постапки пред управни и правосудни органи

Со остварување на мисијата ќе се постигне одржлив развој на македонското стопанство и индустрија во глобализациски светски трендови. Бирото за метрологија е специјализирана и компетентна независна институција, со применета наука, што го води кон меѓународно признавање на домашната метролошка инфраструктура, како значаен регулатор на техничките бариери во трговијата, односно слободното движење на стоки и услуги. Националната метролошка институција, преку постојани активности во

меѓународната соработка, исполнувањето на меѓународните и билатералните договори, обезбедува препознатливост на македонската метролошка инфраструктура на меѓународно ниво со активно членство во европски и меѓународни метролошки организации и институции.

Примарна цел на Бирото за метрологија е остварување на национални еталони на што поголем број мерни SI единици, а со тоа и обезбедување на следливост во земјата и во светот, што всушност претставува и континуирана задача на Бирото за нивно чување и одржување. Покрај десеминацијата на физичките вредности на што поголем број законски мерни SI единици, подеднакво важна е и десеминацијата на што повеќе знаењата од метрологијата. Со процесот на глобализација и меѓународното поврзување, се поважно станува да се обезбеди меѓусебна доверба на националните метролошки институти и прифаќање на сертификатите што истите ги издаваат (за калибрација, тестирање и оцена на сообразноста на типот на мерилата). Тоа се постигнува пред се со воведување на соодветни системи за квалитет во работа како што е ISO 17025 за лабораториите за калибрација и тестирање, користење на механизамот на "peer assessment" и активно учество во работата на техничките тела на CGPM и EURAMET, како и оцена на системот за квалитет пред потпишување на соодветни договори и аранжмани. Имплементацијата на ISO 17025, покрај остварувањето на националните еталони е важен чекор и во меѓународното признавање на нашите национални еталони, сертификатите за калибрација/тестирање и резултатите добиени од мерењата, а со тоа и признавање на домашната инфраструктура, базирана на дисперзираниот модел.

Секундарна цел (традиционална и важна) е обезбедување на имплементација, во најголема можна мера, на инспекциските активности (верификација на мерила, метролошки и експертски надзор) и сертификациските активности (оцена на сообразноста тип на мерила и (хомологација) на возила, сертификација на референтни материјали), што произлегуваат од неговата законска рамка.

Истотака важна цел е и градењето на започнатиот партнерски договорен однос со субјектите од метролошката инфраструктура, со кои се дефинираат, на недескриминаторски начин, меѓусебните права и обврски. Бирото за метрологија ја врши својата работа непристрасно за сите корисници: непосредни, како што се лабораториите за калибрација и тестирање, инспекциските тела за верификација на мерилата, граѓаните – корисници на мерила од масовен карактер (водомери, мерила на електрична и топлотна енергија и други), односно секаде каде што се јавува конфликт на интереси, при употреба на мерила;посредни корисници, како што се научните институции, потрошувачите, индустријата и државните органи.

Бирото се залага ефикасно да ја обезбеди бараната услуга на корисниците, во најкус можен рок, по разумна цена, што ќе е конкурентна на меѓународниот пазар, а пред се во регионот и ЕУ. Со транспарентно работење и имплементирање на техничка регулатива, што се потпира на законодавството на ЕУ, се обезбедува компетентност и доверба кај домашните корисници и странските инвеститори, кон што придонесува и едноставна процедура за прифаќањето на сертификатите за оцена на сообразноста од ЕУ.

Како административно државно тело, Бирото за метрологија ги почитува принципите на државните органи, дефинирани со Законот за организација и работа на органите на државната управа и Законот за државни службеници, а со воведувањето на систем за квалитет и во работата и неговата постепена трансформација од административно тело во научна институција. За таа цел ќе се применуваат принципите, дефинирани со соодветните национални, европски и меѓународни стандарди, односно: експертиза, професионализам и висока стручност во работењето, некомерцијалност и достапност на научните сознанија во метрологијата, застапување на јавни интереси и транспарентност, доброволен карактер на партнерството и договарањето, обезбедување на независност во работењето и одлучувањето, непристрасност во водење на постапки за овластување, хармонизација и еквивалентност на процедурите за калибрација и оцена на сообразноста со европските и меѓународните стандарди и прописи.

Потреба за развој

Бирото за метрологија, за остварување на својата мисија, има потреба од одржлив планиран развој, затоа што со своето работење:

Придонесува кон развојот на техничката инфраструктура;

Придонесува кон подобрување на квалитетот на производите и услугите, како фидбек од процесите на контрола;

Ја подобрува и обезбедува рамноправноста во конкуренцијата, со својата подршка на инфраструктурата за квалитет, а како контролен механизам учествува во попречувањето на зафаќање доминантни позиции на пазарот;

Помага во глобализацијата на стопанството, затоа што потенцијалот односно развиеноста на метролошката инфраструктура влијае, со геометриска прогресија, во економските структури на општеството.

Најдобра превентивна одбрана против корупцијата е стабилниот систем на внатрешни контроли кој треба да биде дизајниран и да се применува како соодветен одговор на ризиците утврдени за време на активностите при проценка на ризиците. Меѓутоа,институциите во јавниот сектор,исто така,треба да работат на воспоставување соодветна структура и култура со која ќе се обесхраби потецијалното коруптивно однесување.

Директор
Авдул Селам Селами

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за економија - Ministria e Ekonomisë
Биро за метрологија - Byroja për metrologji
Скопје - Shkup

Изработил:Адријана Ангеловски
Контролирал:Катерина Панова Илиевска